Друштво за производство, трговија и услу
**АИТОНИКС** АД
Бр. 0307-305-2
30.12. 2022 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

НА СУБЈЕКТ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Склучен на ден 30 .12 .2022год. во Скопје меѓу:

1. Друштво за производство, трговија и услуги АИТОНИКС АД Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 36/1-2 Скопје и ЕМБС 5451680 застапувано од Јордан Димитровски, Главен Изврршен Директор (Дaвател на финансиска донација)
2. Клуб за џиу џица ОСЕНСЕИ Штип на ул. Брегалничка бб, Штип и ЕМБС 6505627 застапувана од Виктор Велинов (Прималел на финансиска донација)

Член 1

**Предмет на договор**

Предмет на овој Договор е регулирање на правата ,обврските и одговорностите кои произлегуваат од меѓусебните односи на двете договорени страни во врска со доделување на донација на финансиски средства во износ од 100.000,00 ден. за остварување на јавен интерес во областа на спортот согласно вачер издаден од Агенција за Млади и спорт со број 08-405/528 од 10.02.2022 година.

Член 2

Дателот на финансиска донација ,паричните средства од Член 1 ќе ги уплати на посебна намеска сметка отворена согласно Законот за спорт и за намените утврдени во овој Закон кај Про Кредит Банка , 380972794301129, во корист на Примателот на финансиска донација.

Член 3

Примателот на финансиска донација гарантира дека ќе ги исполнува сите услови на Законот за спорт и Законот за данок на добивка и нивните подзаконски прописи за Давателот на финансиска донација да може да го оствари правото на даночно поттикнување .
Ако по вина на Примателот на финансиска донација, Давателот на финансиска донација не може делумно или во целост да го оствари правото на даночно поттикнување , Примателот, односно неговиот законски застапник има обврска да ги врати примените финансиски средства во целост , заедно со пресметана камата согласно закон.

Член 4

Примателот на финансиска донација, добиените средства може да ги користи согласно намените определени во Законот за спорт и Законот за данок на добивка и нивните подзаконски прописи за Давателот на финансиска донација да може да го оствари правото на даночно поттикнување .

Член 5

Примателот на финансиска донација ќе се грижи за честа,угледот и корпорациска репутација на Давателот на финансиска донација. Една од формите на ваквата грижа ќе биде особено спортскиот фер-плеј кон кој ќе се придржува Примателот на финансиска донација.

Член 6

За она што не е предвидено во овој договор ќе се применува Законот за облигациони односи и останати законски прописи во Р.Северна Македонија.

Член 7

Давателот на финансиска донација или од него овластени лица го задржува правото да изврши увид кај Примателот, дали доделените средства се искористени за целите на овој Договор.

Член 8

Времетраењето на овој Договор изнесува една (1)година ,од денот на потпишување ,за кој период е потребно да се завршат предвидените активности на двете договорни старни.

Член 9

Во случај на спор по овој Договор ,договорните страни се согласни истиот да го решат спогодбено по мирен пат, а доколку не е можно,надлежен е Основен Суд Скопје 2 во Скопје.

Член 10

Овој Договор ќе биде изготвен и потпишан во два (2) примероци , по еден (1) за Примателот на донација и еден (1) за Давателот на донација .

Давател на финансиска донација

Главен Извршен Директор

Јордан Димитровски

-----------------------------------------

Примател на финансиска донација

Претседател

Виктор Велинов

-----------------------------------------